Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработени во јавен сектор (Сл.весник на РМ број 27/14; 199/14; 27/16; 35/18; 198/18; 143/19 и 14/20 Директорот на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИ МЕСТА ВО ЈАВНОТО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ СКОПЈЕ

## Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Јавното сообраќајно претпријатие Скопје број 02-309/8 од 15.03.2021 година, и тоа:

Во глава V  Табеларен приказ на работните места во Јавно сообраќајно претпријатие Скопје, во точка 8. Сектор за продажба, потточка 8.1 Одделение за продажба, работното место со реден број 307 Соработник за продажба во делот вид на образование зборовите „економски науки или организациони науки и управување (менаџмент)" се заменуваат со зборовите „ економски науки, организациони науки и управување (менаџмент)  или географија".

## Член 2

Согласно извршените измени во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и на табеларниот преглед на работните места како составен дел  на Правилникот.

## Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесување, а ќе се применува по добиена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

ЈСП СКОПЈЕ
Директор
______________________